*Општинско основно училиште „Живко Брајковски“*
*општина Бутел, Скопје*

# ПРОТОКОЛ ЗА ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

ООУ„Живко Брајковски“ Бутел, го изработи овој протокол согласно член 66 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/2019 год.), и Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од МОН (број: 18-6570/1 од 6.7.2020 год.).

Целите на основното образование (согласно член 7) вклучуваат обезбедување на систематски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот, развивање самодоверба и свесност за својата индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите и човековите права, подготвување на учениците за одговорен живот во слободно и демократско општество и унапредување на здравиот начин на живеење. Остварувањето на овие цели не е возможно доколку училиштата не се безбедни средини, доколку насилството се премолчува, жртвите се оставаат сами на себе, а сторителите не се санкционираат со што премолчено се оправдува насилното однесување.

Законот за основното образование (во понатамошниот текст: Законот или ЗОО) предвидува обврска на основните училишта да постапуваат во случаите на насилство над ученици/чки, да преземаат мерки за заштита на учениците-жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција од насилство.

Со Законот се предвидува забрана за дискриминација врз која било основа во сите области на дејствување во основното училиште, додека вработените се задолжуваат да ја промовираат еднаковоста и правичноста меѓу сите ученици и активно да спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Секој вработен во училиштето има обврска да се грижи за најдобриот интерес на ученикот, да го почитува неговото достоинство и првата на детето од Конвенција за првата на детето.

Според член 66 предвидува обрвска на директорот да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученикот жртва..

Упатството ги уредува мерките и активностите кои ги преземаат основните училишта во случаите на насилство над ученик/ученичка. Упатството се употребува во сите случаи на каков

било вид на насилство над ученик/ученичка, без разлика кој е сторител на насилството и без разлика каде се случило насилството, злоупотребата или занемарувањето. Секое училиште е должно да усвои одредби во постоечки интерен акт (како на пример во куќниот ред) или да усвои засебен интерен акт (на пример, политика, правила на однесување или протокол за спречување на насилство и дискриминација) со кои го пропишува начинот на однесување на учениците, вработените, родителите/старателите и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Одредбите мора да бидат јасни, прецизни и сеопфатни, да ги предвидат различните видови на насилство, да ги опфатат сите сегменти од училишниот живот и прецизно да пропишуваат кое однесување е забрането и кои се последиците од насилничкото и дискриминаторското однесување

**ПОИМНИК:**

- **Насилство –** сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување;
- **Ученик -** секој ученик или ученичка запишан/на во основното училиште;
- **Ученик жртва -** секој ученик за кој училиштето има сознанија или се сомнева дека доживеал или доживува насилство;
- **Ученик сторител -** секој ученик за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека е сторител на насилство;
- **Сторител -** секој ученик или возрасен за кој училиштето има сознанија или за којшто постојат основни сомненија дека сторил насилство;
- **Училиште –** секое основно училиште на територијата на РСМ;
- **Вработени –** сите вработени во основното училиште;
- **Наставници -** сите наставници вработени или ангажирани во основното училиште;
- **Стручни соработници -** сите стручни соработници вработени или ангажирани во основното училиште (педагог, психолог, библиотекар, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, дефектолог и др.);
- **Интерен акт -** се однесува на интерен акт на училиштето кој содржи правила за начинот на однесување на учениците, вработените, родителите/ старателите, и членовите на телата на училиштето поврзани со забрана за насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Интерниот акт може да биде куќен ред, протокол, правила на однесување, сличен документ или дел од тој документ.

- **Контакт лице-**лице за пријавување насилство-стручен соработник и негов заменик назначен од директорот на основното училиште како контакт-лице за пријавување насилство во рамките на училиштето;
- **Виктимизација -** трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита, односно пријавување на насилство, започнување постапка за заштита, дискриминација или друга повреда на правата.

**ПРИНЦИПИ**

Основното училиште е должно да ги почитува основните и фундаментални принципи при спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство.

Основни и фундаментални принципи при одговорот на училиштето во случаите на насилство над ученик/чка се:

- Најдобар интерес на детето
- Еднаквост и забрана за дискриминација
- Почитување на различностите и правото на самоопределување
- Учество
- Приватност
- Доверливост
- Жртвата не е виновна
- Пропорционалност
- Информираност
- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Правата на детето
- Забрана за непотизам и корупција

При спроведувањето на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство над ученици, училиштето не смее да ги прекрши фундаменталните принципи, а активностите и мерките кои се преземаат не смеат да резултираат со повреда на принципите.

**ВИДОВИ НАСИЛСТВО**

- **Злоупотреба-**преставува насилство што се повторува често врз истата личност. Злоупотреба во училиштето преставува сѐ што некој поединец или институција прави или не прави, што дирекно влијае или индирекно му наштетува на ученикот;
- **Занемарување-**или негрижа значи неуспех да се задоволат физичките и психолошките потреби на ученикот, да се заштити од опасност или да се даде медицинска грижа, регистрација во книгата на родените, кога оние кои се одговорни за грижата на учениците имаат средства, знаење и пристап до услугите за да го сторат тоа. Занемарувањето се разликува кај сиромашните семејства, кога родителот/старателот и покрај желбата не се во состојба да му го дадат на ученикот она што му е потребно за неговиот развој. Занемарувањето во училиштата преставува негрижливо постапување, односно пропусти и недоволна насоченост и посветеност на вработените во училиштата, односно неможност да одговараат на нивните основни развојни потреби и барања;
- **Експлоатација-**се однесува на искористување на ученикот или на неговата работа сила од страна на родителите/старателите. Тоа опфаќа и киднапирање и продажба на ученик поради работна или сексуална експлоатација;
- **Физичко насилство-**преставува однесување во кое преку употреба на физичка сила со или без други средства се посегнува по телото на ученикот. Физичкото насилство често пати има и фатален исход. Телесното казнување исто така престаавува користење на физичка сила со цел да се предизивика одреден степен на болка или непријатност. Учениците со попреченост можат да бидат предмет на посебни форми на физичко насилство;
- **Психичко и емоционално насилство – психолошкото** преставува психолошко малтретирање, вербална злоупотреба и емоционална злоупотреба. Тоа вклучува: заплашување, тероризирање, закани, искористување, не сакање, игнорирање, понижување, изложеност на семејно насилство, самица, ставање во ќош, повредување на чувствата на ученикот и друго.
- **Емоционалното** насилство преставува однесување кое доведува до моментално или трајно загрозување на психичкото и емоционално здравје и достоинство на учениците.

Тоа вклучува: озборување, игнорирање, неприфаќање, манипулирање, заканување, уцена, обраќање со погрдни зборови и др.;

- **Социјално насилство-** одвојување на ученикот од другите врз основа на различноста, доведување во позиција на нерамноправност и нееднаквост, дискриминација, недружење, игнорирање и неприфаќање;
- **Сексуално насилство-** преставува вербално, физичко или симболичко однесување од сексуална природа со кое ученикот сексуално се вознемирува, наведува или принудува на учество во активности од сексуална природа кои ученикот не ги сака, не ги разбира или нема постигнато соодветно ниво на психо –социјален развој за да може да се согласи;
- **Врсничко насилство (Булинг)-**преставува збир на намерни негативни постапки, задавање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност или штета на друг ученик. Овие постапки се подолготрајни и насочени кон ист ученик или група ученици од страна на ист ученик или иста група на ученици:
- **Кибернасилство –** преставува облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, мобилен телефон или слични уреди. Подразбира праќање на навредливи, деградирачки и непосакувани СМС или ММС пораки, фото и видеоклипови, праќање на меил, чет и др.;
- **Насилство мотивирано од омразна или предрасуди-**сите видови насилства можат да бидат мотивирани од омраза или предрасуди поврзани од личните карактери на ученикот жртва, на неговите родители/ старатели, браќа, сестри, на родовиот идентитет, раса, боја на кожа, етничка и национална припадност и др.

Секој **одделенски раководител** на паралелката **е должен** да го престави овој протокол и Упатството на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците, преку дискусија, и интерактивни вежби и размена на мислења.

Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и покренување на свеста кај учениците во врска со спречување насилство.

Директорот на училиштето во соработка со стручните соработници спроведува континуирани обуки, а најмалку два пати годишно за спречување и заштита од насилство. Училиштето ги прилагодува обуките на моменталните знаења, капацитети и потреби на вработените во училиштето. За реализација на обуките училиштето може да соработува со надворешни експерти, образовни институции и здруженија на граѓани.

**Училиштето е должно** редовно, најмалку еднаш во 4 години да го ажурира интерниот акт, согласно со потребите на сите лица вклучени во училишниот живот.

**ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО**

**Секој е должен** да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик без разлика дали насилството се случило во училиштето, на пат до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

**Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството.**

Вработените внимаваат на следните **знаци**, кои можат да се појават кај учениците кои се поврзани со насилство:

- На **физички и физиолошки** план- траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен и неуреден изглед, скршени или искинати работи, проблеми со исхрана, болки во стомакот, главоболки, повраќање, скршеници, проблеми со спиењето ( или претерано долго спиење)
- На **емоционален** план- плачливост, повлеченост, или претерана активност, раздразливост, појава на невообичаени претерани стравови, агресивно и автодеструктивно однесување, молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“ , ноќни кошмари, конзумирање алкохол /наркотици, страв да остане сам, страв од дружење со други луѓе, ноќно мокрење во кревет, лажење, грицкање нокти, нарушување во говор и др.
- **Однесување во училиште / дома**- значајно намалување на успехот, појава на неоправдани изостаноци, исчезнување на работи ( мобилен, предмети од облека, чанти/ ранци, тетратки, пари...) немање концентрација за учење, доцнење, одбегнување на одговорности, неносење на домашни работи, избегнување или неучество во редовни активности, невообичаени начини на играње ( кај помалите деца), избегнување на физички допир, силен страв од возрасни, манифестен страв од враќање дома или од одење во училиште, избегнување да се користи мобилен телефон или сличен уред или негово пречесто користење (кај кибернетско насилство) и сл.

Важно е да се обрне внимание на екстремностите, зачестеноста, времетраењето и повторувањето на поединечните симптоми.

**ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО**

- Зависи од видот на насилството, бројот на ученици вмешани во него и нивната возраст;

➢Вработените се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.

➢Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (тепачка помеѓу поголем број ученици, или ако се употребува нож или друго оружје), а вработените проценуваат дека не можат сами да го сопрат, веднаш повикуваат полиција.

➢Доколку сторител на насилството е возрасен, без разлика дали станува збор за друг вработен во училиштето, трето лице или родител, училиштето има обврска да повика полиција или центар за социјална работа.

➢Доколку сторителот е вработен во училиштето, директорот е должен да го прекине работниот однос, а до тогаш да изрече привремена мерка отстранување од работа на работникот до донесување на одлука за отказ на договорот за вработување согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште и Законот за основно образование, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

➢Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијален сторител, вработените се должни да го информираат контакт-лицето за пријавување на насилство, по што контакт-лицето разговара со ученикот и/или со други лица кои би можеле да имаат сознанија.

➢Наставниците и стручните соработници разговараат со родителите, освен во случаите кога разговорот со родителот не е во најдобар интерес на детето (пр. кога постои сомнеж дека родителот е сторител или на друг начин е одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот би можело да предизвика насилство врз ученикот. Во овие случаи секогаш е препорачливо да се повика Центарот за социјални работи.

➢Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениот кој тоа го забележал го известува контакт – лицето за пријавување на насилство, кое во соработка со другите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот или со други лица со цел да добијат попрецизни информации. Овие случаи училиштето е должно да ги пријави во Центарот за социлајни работи.

**СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА**

Откако насилството е прекинато, вработените превземаат мерки за смирување на ситуацијата:

- Вработениот кој го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт-лицето за пријавување на насилство кое ја води оваа фаза;
- Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува прв пат како наведените во табела бр.1 (ПРВО НИВО), вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт-лицето за пријавување на насилството туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт-лицето
- Кога станува збор за инцидент на насилство од табела бр.1, кој се повторува или за насилство од табелите 2 и 3 (второ и трето ниво), вработениот е должен да го повика контакт-лицето.
- контакт-лицето  може да одлучи во оваа фаза да повика и претставници од други институции, како полиција, центар за социјална работа, Здравство или кое друго лице кое согласно експертизата и службената положба може да помогне во смирување на ситуацијата.
- Кога станува збор за случај на насилство од табела бр. 3, мора да се повикаат претставници од други институции.
- Секогаш кога повикува други институции, контакт - лицето ќе го информира директорот, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција,
- Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт-лицето и вработените од училиштето да ги направат разговорите со училиштето.

**Насоки за разговор**

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и сведоците,
- Насочете го вниманието на конкретните постапки и однесување
- Без осудување, согледувајте ја ситуацијата без намалување или преувеличување,
- Внимателно слушајте што ви зборуваат учениците, не само тие што трпат насилство туку и тие кои го извршиле насилството, и тие кои ги набљудувале
- Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте, не заземајте страна,
- Користете речник што ги користат и учениците кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување

- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте а не тврдете
- Проверете дали точно, правилно сте разбрале што ви кажале учениците,
- Разговарајте смирено, не реагирајте шокирано, со недоверба,
- покажете дека верувате во тоа што ученикот ви го зборува, за да го охрабрите да ви раскаже што повеќе

**ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА СТОРИТЕЛОТ**

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

План за заштита на ученикот жртва и промена на однесување на сторителот миже да вклучува:

- Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог или други стручни соработници
- Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот, табела бр. 1, 2 и 3 , преместување во друга паралелка
- Мерки за физичко одделување на жртвата се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку е во најдобар интерес ослободување од настава за одреден период, ослободување од обврски по одредени предмети и воннаставни активности, и можност за привремено учење од дома.
- Мерки за промена на однесувањето на сторителот- се применува само ако сторителот е друг ученик или ученици. Вклучуваат психо - социјална поддршка од психолог и упатување на родителот на психосоцијално советување на родителот во надлежната установа.
- Педагошки мерки кон сторителот- согласно Закон за осносвно образование. Се изрекува само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и тогаш се работи за случај на насилство од табела бр. 2 и 3
- Преместување на сторителот во друго училиште - овие мерки се користат за случаите на насилство од табела бр. 2 кои се повторуваат или случаите од табела бр. 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство ( во случаи кога

има голема траума за жртвата со последици врз здравјето и психо-физичкиот развојот на жртвата).

- Мерки за поддршка на набљудувачите или сведоците- контакт-лицето или друг стручен соработник или друг наставник спроведува мерки за поддржување или промена на однесувањето на учениците, сведоците или набљудувачите. Овие мерки вклучуваат разговарање, објаснување на случајот и околностите, оставање простор да го покажете своите размислувања поврзани со случајот.

Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството и да разберат зошто ова однесување е штетно. Не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Овие ученици не смеат да се осудуваат или обвинуваат ако не го пријавиле навремено, ако навивале и сл. Ако се однесува за насилство од табела 2 или 3 тогаш им се нуди психо-социјална поддршка од психологот, може да се вклучат во едукативни активности, прадавања и работилници на теми поврзани со случаи на насилство, за ненасилна комуникација и врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на нејзините желби и потреби.

Контакт-лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува, осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување .

Родителите / старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Доколку родителите / старателите не се соработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку истите се однесуваат насилнички или може да дојде до насилство училиштето повикува полиција, а по потреба и др. институции.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати.

Училиштето ги одреди лицето Андријана Јовановска - психолог во училиштето за одговорно лице на македонски наставен јазик задолжено за спроведување на овој Протокол, и

Азра Сали - педагог одговорно лице на албански наставен јазик задолжено за спроведување на овој Протокол.

Одговорното контакт - лице е должно да го евидентира секој случај на насилство над ученик во определен формулар .

Овој Протокол ќе биде презентиран на Наставнички совет, на одделенски час на паралелката, на Совет на родители и Училишен одбор и ќе биде објавен на веб страната на училиштето.

Изработиле:

Психолог – Андријана Јовановска

Педагог - Азра Сали

Директор

Магдица Пеева

___________________

**Прилог 1: Табели со категоризација на насилството**

| **Табела 1- Прво ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибер насилство** |
| - удирање чврги,<br>- буткање,<br>- штипење,<br>- гребење,<br>- кубење,<br>- гризење,<br>- сопнување,<br>- шутирање,<br>- валкање,<br>- уништување на предмети. | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- навредување,<br>-ословување со погрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање,<br>- „прозивање“. | - дофрлање,<br>- потсмевање,<br>- игнорирање, | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- негативни коментари,<br>- гестикулации со сексуална алузија. | - повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>- вознемирувачки СМС, ММС- пораки,<br>- вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

| **Табела 2- Второ ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибер насилство** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - шамарање,<br>- удирање,<br>- газење,<br>- кинење на облеката,<br>- затворање,<br>- плукање,<br>- одземање и уништување на сопственост. | - уценување,<br>- закани,<br>- неправедно казнување,<br>- етикетирање,<br>- забрана за комуницирање,<br>- исклучување,<br>- отфрлање,<br>- манипулирање. | - сплеткарење,<br>- игнорирање,<br>- отфрлање,<br>-невклучување,<br>- неприфаќање, манипулирање,<br>-експлоатација,<br>- исклучување од групата врз основа на дискриминаторска основа<br>- навреди и вознемирување на дискриминаторска основа | - сексуално допирање,<br>- покажување на порнографски материјал,<br>- покажување на интимните делови на телото,<br>- соблекување. | - огласи,<br>- клипови,<br>- блогови,<br>- злоупотреба на форуми и четувања,<br>- сексуално насилство во видео игри<br>- снимање со камера на насилни сцени,<br>- дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

**Табела 3- Трето ниво**

| **Физичко насилство** | **Емоционално / психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибер насилство** |
|---|---|---|---|---|
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар,<br>- напад со палка, нож, оружје кои може да има фатален исход,<br>- предизвикување на изгореници,<br>- забрана на храна и спиење,<br>- изложување на ниски температури. | - застрашување со уцена,<br>- рекетирање,<br>- ограничување на движење,<br>- наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>- вклучување во секти,<br>- занемарување. | - сериозни закани за животот,<br>- терор на група над поединец/група,<br>- дискриминација,<br>- организирање на затворени групи (кланови),<br>- навреди и вознемирување на дискриминаторска основа | - заведување од страна на возрасни,<br>- подведување,<br>- злоупотреба на моќта,<br>- наведување,<br>- изнудување и принудување на сексуална активност,<br>- силување,<br>- полов напад врз дете кое не навршило 14 години,<br>- задоволување на полови нагони пред друг,<br>- обљуба со злоупотреба на положбата. | - дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност.<br>- снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>- прикажување на порнографски материјал,<br>- производство и дистрибуција на порнографски материјал. |